Михајло ПОПОВСКИ

# ХАЈДЕРОВИОТ МОДЕЛ НА ПРИПИШУВАЊЕТО НА ОДГОВОРНОСТА И НЕГОВАТА ЕМПИРИСКА ПРОВЕРКА

Атрибуциите на одговорноста иако претставуваат едни од позначајните одредници на интерперсоналните односи, сè до појавата на теоријата на "наивната" психологија на Фриц Хајдер (Fritz Heider) многу ретко биле предмет на систематски научни опсервации на социјалните психолози. Поточно, промената на таквиот однос кон овој, несомнено сложен атрибуциски феномен е непосредно врзана за појавата на најзначајното дело на Хајдер "Психологијата на интерперсоналните односи" (1958), во кое тој, анализирајќи го процесот на каузалното објаснување на однесувањето на луѓето, посебно го опишува и начинот на кој луѓето им припишуваат одговорност на другите за исходите на нивните постапки.

Луѓето, според Хајдер, при припишувањето на одговорноста поаѓаат од перцепцијата на каузалноста на дадена акција, односно од перцепцијата на тоа кој од основните фактори - *мотивацијата на лицето, неговите способности или срединските фактори* - имал пресудно влијание врз исходот на акцијата. Притоа, најзначаен фактор претставува перцепцијата на намерата. Намерата е таа што внесува ред на мноштво можни текови на акцијата координирајќи ги кон еден финален исход. Таа е клучниот момент во донесувањето на судот на одговорноста на лицето. Ако сме убедени дека лицето нешто намерно направило тогаш тоа обично многу поблиску го поврзуваме со него отколку ако сметаме дека тоа било ненамерно сторено.

И перцепцијата на способноста на лицето може да биде важен елемент, но според Хајдер таа нема исто значење како и мотивацијата. "Луѓето се сметаат одговорни за своите намери и напори, но не така строго и за своите способности" (1958, стр. 112). Затоа, ако некоја акција е видена како исход, на пример, на неумешноста или незнаењето на лицето, односно ако таа е објаснета со факторите на способноста, а не со мотивацијата, тогаш лицето ќе биде сметано како помалку одговорно за ефектите на акцијата. Припишувањето на одговорноста, исто така, може да биде условено и од тоа дали, и

во кој степен, акцијата е видена и како исход на влијанието на срединските фактори. Степенот на припишаната одговорност може значајно да варира зависно од релативниот придонес на срединските фактори во исходот на акцијата, т.е. ако срединските фактори се перцепирани како повеќе влијателни врз исходот отколку персоналните фактори, тогаш лицето ќе биде сметано како помалку одговорно, и обратно.

*Нивоа на личнаша одговорносш.* Поаѓајќи од претпоставката дека судовите за личната одговорност се детерминирани од перцепцијата на улогата на персоналните и срединските фактори во исходот на акцијата, Хајдер сугерира дека при припишувањето на одговорноста луѓето користат неколку атрибуциски критериуми, кои може да се класифицираат во нивоа, зависно од степенот на сосредоточеноста на личните фактори наспроти факторите на средината. Според Хајдер, постојат пет нивоа на кои може да се припише одговорноста, во кои поимот лична одговорност различно се одредува и во кои како што се намалува атрибуцијата кон лицето така се зголемува атрибуцијата кон средината.

На најпримитивното ниво - *ниво на асоцијација* - одговорноста се припишува прилично глобално. Имено, лицето се смета одговорно за секој ефект што на кој и да било начин е поврзан со него, или изгледа дека на некој начин му припаѓа нему. На пример, некој може да се смета одговорен за лошите дела направени во минатото од страна на неговата земја или религија, или пак некому може да му биде честитано за победата на спортската екипа од неговото место.

На второто ниво - *ниво на каузалносш* - лицето се смета одговорно за секој ефект што произлегол од неговата активност, без оглед на тоа што лицето ниту можело да предвиди што ќе произлезе од неговата активност, ниту пак имало намера нешто да предизвика. Односно, на ова ниво на лицето се гледа како на нужен услов за сè што се случило, па дури и за тоа што ни со максимална претпазливост не можело да се предвиди дека би можело да произлезе од неговата активност. Според Хајдер, овој вид одговорност соодветствува на она што Жан Пијаже го означил како "објективна одговорност", која се јавува по раната фаза од развојот на моралното расудување и за која е карактеристично лицето да се проценува по тоа што прави, а не по неговите мотиви.

На следното ниво - *ниво на предвидливосш* - лицето се смета одговорно, директно или индиректно, за која и да било последица што можела да се предвиди, без оглед што лицето немало намера неа да ја предизвика. На пример, ако лицето со своите постапки повредило друг или му направило некаква штета, тоа може да се смета одговорно затоа

што било невнимателно или затоа што не се откажало од постигнувањето на својата цел. Неговото однесување може да биде оценето како глупост, невнимателност или како грубост, но не и како израз на злонамерност.

На четвртото ниво - *ниво на намера* - лицето се смета одговорно за секој исход на неговите активности што бил предвиден и намерно предизвикан. Според Хајдер, ова ниво одговара на она што Пијаже го нарекува "субјективна одговорност", кај која централно место имаат мотивите на лицето.

И конечно, на последното ниво - *ниво на оправдување* - лицето се смета делумно одговорно за секој намерно предизвикан ефект, во случај кога околностите биле такви што од повеќето луѓе може да се очекува исто да се чувствуваат и однесуваат како него. Иако на лицето му се припишува намера, нејзиниот извор се пронаоѓа во околностите што него го принудиле, така што обично се вели: "Не е негова грешка што тој така постапил. Тој бил предизвикан". При објаснувањето на ова ниво Хајдер истакнува дека каузалните линии што одат до финалниот исход и понатаму се управувани од лицето, така што однесувањето се посматра како дел од структурата на персоналната каузалност, но бидејќи изворот на мотивот се наоѓа во принудата на средината, а не во самото лице, одговорноста за однесувањето во најмала рака се дели меѓу лицето и средината. На пример, лицето може да се смета делумно одговорно за својата груба постапка кон некого ако тоа открило дека тој нему му подготвувал опасна замка, или пак, како што вели Хајдер, криминалецот може да ја обвинува средината за својата несреќна судбина и со тоа да си наоѓа оправдување за себеси.

Значи, општо земено според начинот на кој се дефинирани нивоата на личната одговорност произлегува дека концептот на одговорноста е тесно поврзан со атрибуциите на каузалноста, така што од одговорот на прашањето што е причина за акцијата зависи и одговорот на прашањето кој е одговорен за нејзиниот исход. Второ, за Хајдер одговорноста е концепт кој се однесува и на позитивните и на негативните исходи на акцијата. Трето, нивоата претставуваат различни облици на атрибуција, односно различни начини на земање предвид на неколку варијабли во целокупната ситуација. Нивоата се всушност еден вид прогресија од "примитивна" неиздиференцирана атрибуција до една прилично диференцирана "префинета" атрибуција. И конечно, самата концептуализација на нивоата на извесен начин ја имплицира нивната развојна и кумулативна природа.

*Развојните аспекти на моделот.* Иако врз основа на концизната презентација на нивота не е сосема јасно во кој степен Хајдер имал намера нив да ги прикаже како развојни стадиуми во когнитивно развојна смисла (т.е. во смисла на структуирани целини што се јавуваат во една

непроменлива низа, при што секоја целина претставува подготвителна состојба за следната во која таа подоцна се асимилира), со потенцирањето на сличноста меѓу критериумите *каузалност* и *интенционалност* со Пијажеовите стадиуми на моралното расудување, тој имплицитно сугерира дека ниваота се развојно условени. Токму оваа импликација била пресудна истражувачите повеќе да се заинтересираат за неговиот модел и преку проучување на развојните аспекти на моделот во извесна смисла да ја проверат и неговата валидност. Затоа и најголемиот број емпириски проверки на моделот се всушност проверки на неговите развојни аспекти.

Првиот обид за емпириска проверка на развојноста на нивоата е направен од Шоу и Сулцер (Shaw i Sulzer, 1964), чие истражување претставува прототип за сите подоцнежни истражувања на овој проблем. Овие истражувачи, за да ги утврдат развојните разлики во припишувањето на одговорноста, примениле постапка што се базира врз претпоставката дека самиот контекст на некој настан може да имплицира одредено ниво на одговорност, и ако тој контекст прецизно се одреди, припишувањето на одговорноста ќе биде детерминирано од развојното ниво на секој проценувач. Поаѓајќи од таквата претпоставка, Шоу и Сулцер на своите испитаници (деца на возраст од 6 до 9 години и студенти) вербално им презентирале кратки приказни во кои биле опишани различни постапки на едно исто дете и потоа од нив барале да извршат проценка на неговата одговорност за предизвиканите ефекти. Секоја приказна содржела минимум информации неопходни за припишување на одговорноста на едно од петте нивоа на Хајдер. А секое ниво било претставено со по четири приказни, од кои две биле со негативни, а две со позитивни исходи.

Резултатите до кои дошле Шоу и Сулцер прилично ја поткрепиле претпоставката за развојната природа на Хајдеровите нивоа. Во припишувањето на одговорноста на актерот, како за позитивните така и за негативните исходи на неговите постапки, студентите покажале тенденција на поголемо диференцирање во однос на децата и тоа пред сè во оние ситуации во кои можеле да се предвидат последиците на дадената постапка и во ситуациите на намерно однесување, за разлика од оние случаи во кои јасно отсуствувала предвидливост или намера. Освен тоа, студентите за разлика од децата му припишале поголема одговорност на актерот на нивоата *предвидливост, намера и оправдување,* а помала на нивоата *асоцијација* и *каузалност.* Но, интересно е да се забележи дека кај студентите не се појавила очекуваната диференцијација меѓу тенденционалноста и оправданоста, а со тоа не дошло и до значајно намалување на степенот на припишаната одговорност на нивото *оправдување* во однос на нивото

*намера.* Коментирајќи ја појавата на минималното намалување на припишаната одговорност во ситуациите кога околностите битно влијаеле врз исходот на настанот, Шоу и Сулцер сугерираат дека атрибуциската префинетост во поглед на околностите веројатно побавно се развива и дека таа би можела да се очекува кај повозрасните лица.

Слични разлики во припишувањето на одговорноста меѓу децата и возрасните се евидентирани и во подоцнежните истражувања на Шоу и неговите соработници, во кои се употребувани слични стимулус-приказни и се опфатени испитаници од различни возрасти и популации (Shaw i Schneider, 1969; Shaw i Reitan, 1969; Shaw i Iwawaki, 1972).

Меѓутоа, иако резултатите на овие истражувања даваат сугестивна поддршка на развојната интерпретација на Хајдеровиот модел, поради извесни методолошки и концептуални непрецизности, некои автори оправдано се посомневале во релевантноста на добиените резултати. На пример, Харис (Harris, 1977) сметал дека разликите во припишувањето на одговорноста меѓу двете возрасни групи (деца и студенти) утврдени во истражувањето на Шоу и Сулцер по сè изгледа се посредувани и од нееднаквата способност за меморирање на дадените приказни, а исто така и од различното разбирање на експерименталните инструкции. Оваа забелешка е веројатно оправдана поради тоа што процедурата применета при групното испитување била прилично долга, а исто така и поради несоодветното објаснување на поимот одговорност што им било дадено на децата (одговорноста на актерот била објаснета на воопштен и недоволно податлив начин за децата). Но, ако оваа забелешка на одреден начин има и ограничено значење, бидејќи не се однесува за сите истражувања, постои и друга забелешка која е далеку посуштинска. Имено, врз основа на анализата на стимулус-материјалот употребен во овие студии, прво Харис (1977), а потоа и Финчам и Џаспарс (Fincham i Jaspars, 1979, 1980), дошле до сознание дека приказните применети од Шоу и неговите соработници не ги репрезентирале на соодветен начин Хајдеровите нивоа на одговорноста, така што во некои приказни не биле доволно јасно операционализирани и меѓусебно диференцирани атрибуциските критериуми (на пример, некои критериуми, меѓу другото, биле помешани и со други атрибуциски фактори, како што се способноста и вложувањето напор). Според овие автори, појавата на детските недиференцирани атрибуции на повисоките нивоа или појавата на намалување на припишаната одговорност за интенционалните наспроти предвидливите исходи, судејќи по сè, најверојатно произлегува од несоодветните операционализации на нивоата.

Со цел што повеќе да ги минимизира концептуалните непрецизности во операционализацијата на нивоата, Харис (1977) во своето истражување, наместо приказни, на испитаниците (деца на возраст од 7, 9, 12 и 13,5 години и студенти) им презентирал видео снимки. На снимките биле прикажани пет варијации на еден настан во рамките на една иста општа ситуација, при што на експлицитен начин биле претставени неопходните атрибути за репрезентирање на нивоата. Исходот на настанот во сите пет случаи бил идентичен (кршење на столче). По гледањето на секоја снимка од испитаниците се барало прво да дадат проценка за степенот на каузалноста, а потоа и за степенот на одговорноста на актерот (деветгодишно девојче) за кршењето на столчето.

Резултатите на ова истражување покажале дека испитаниците на возраст од 13,5 години и студентите имале подиференциран однос во припишувањето на одговорноста, особено низ последните три нивоа, додека припишаната одговорност од страна на испитаниците на возраст од 7 и 9 години била помалку диференцирана. Меѓутоа, и покрај евидентираните разлики меѓу возрасните групи, овие резултати даваат само глобална поддршка на развојните импликации на Хајдеровиот модел, бидејќи интеракцискиот ефект меѓу возраста и стимулус-нивоата се покажал како приближно значаен ($p<0.09$). Освен тоа, Харис за разлика од Шоу и Сулцер го открил следното: прво, сите возрасни групи минимално ги диференцирале првите две нивоа; второ, сите возрасни групи најголема одговорност ѝ припишале на девојчето во случајот кога таа намерно и без никаква принуда го скршила столчето, при што разликите во степенот на припишаната одговорност меѓу групите на ова ниво не биле значајни; и трето, кај сите возрасни групи било манифестирано намалување на припишаната одговорност на нивото *оправдување* во однос на нивото *намера.*

Како најсеопфатно истражување во врска со проблемот на развојноста на нивота се смета студијата на Финчам и Џаспарс: "Припишување на одговорност кон себеси и другите кај децата и возрасните" (1979). Овие истражувачи во конципирањето на приказните примениле посложена постапка, при што нивната репрезентативност била проверувана како од недипломирани и дипломирани студенти по психологија така и од наставници кои работеле со деца. Приказните што тие ги составиле опишувале варијации на еден, за испитаниците (деца на возраст од 6-7,5; 8-9,5; 10-11,5; 12-13,5 години и недипломирани и дипломирани студенти) многу реалистичен и секојдневен настан (возење велосипед). Исходот на настанот во сите варијации бил умерено негативен (актерот возејќи велосипед незначително повредува друго лице). Приказните на испитаниците им биле давани два пати. Во првиот

случај, секој испитаник имал улога на актер, а во вториот случај, како актер се појавувало неутрално лице. По читањето на секоја приказна од испитаниците се барало прво да проценат колку актерот бил виновен за повредување на лицето, а потоа и колку тој самиот бил причина за тоа.

Финчам и Џаспарс откриле дека возраста, стимулус-нивоата и нивната интеракција значајно влијаеле врз судовите за одговорноста на актерот (без оглед дали станувало збор за самопроцена или за процена на неутралниот актер). Меѓутоа, обликот на интеракцијата меѓу возраста и стимулус-нивоата бил делумно конзистентен со развојна интерпретација на Хајдеровиот модел. Иако како што се зголемувала возраста се појавувале сè позначајни дистинкции меѓу соседните нивоа, сите возрасни групи на актерот му припишувале сè поголема вина, како што неговото иднесување станувало сè повнатрешно детерминирано. Покрај тоа, дури и испитаниците на возраст од 8-9,5 години значајно ја разликувале интенционалноста од оправданоста. Што се однесува пак до диференцијацијата меѓу првите две нивоа, таа кај сите возрасни групи била незначителна. Бидејќи истото тоа било евидентирано и од Харис, Финчам и Џаспарс сметаат дека разликата меѓу случајно предизвиканите настани (II ниво) и настаните што се предизвикани од актерот (I ниво), најверојатно не е толку значајна во припишувањето на одговорноста како што се значајни другите критериуми на Хајдер.

Општо земено, наодите на Финчам и Џаспарс не ја поткрепуваат целосно развојната интерпретација на Хајдеровите нивоа на припишување на одговорноста бидејќи: прво, сите возрасни групи ги диференцирале нивоата согласно начинот на кој тие се дефинирани од страна на Хајдер; второ, значајната интеракција меѓу нивоата и возраста произлегла, пред сè, од зголемувањето на бројот на значајните диференцијации со возраста, така што разликите меѓу возрасните групи биле повеќе квантитативни отколку квалитативни; и трето, и покрај тоа што анализата на индивидуалните склопови на одговорите покажала дека кај одделни возрасни групи доминирале извесни склопови на одговори, сепак, тие показатели не можат да се третираат како доволна евиденција за постоење на развојни стадиуми.

Според тоа, врз основа на наодите во споменатите истражувања на Харис и на Финчам и Џаспарс (во кои на посоодветен начин биле операционализирани нивоата на одговорноста и биле користени стимулус-настани што се поприродни и поблиски за испитаниците), може да се заклучи дека развојната интерпретација на Хајдеровиот модел не е толку соодветна како што на почетокот претпоставувале некои автори.[1]

1 И самиот Хајдер во 1978 година, образложувајќи ја поврзаноста на нивоата со возраста изјавил: "Јас не сакав да имплицирам дека нивоата временски следат едно по друго во развојот на детето... (туку) тоа го замислив само како поедноставен начин за презентирање на овие различни видови атрибуции.... како различни форми на ментална структура со различна когнитивна длабочина" (Fincham i Jaspars, 1980, стр. 90).

Иако во тие истражувања е откриено дека разликите во припишувањето на одговорноста се зголемувала со возраста, судејќи по сè, до тоа зголемување не дошло поради тоа што различни возрасни групи употребувале различни атрибуциски критериуми, туку поради нивната различна примена на критериумите при диференцирањето на степенот на одговорноста. Меѓутоа, и покрај ваквите емпириски наоди сепак засега не се располага со доволно евиденција за да би можело да се изведе конечен заклучок во поглед на развојноста на нивоата. Не постојат, на пример, истражувања (веројатно поради методолошки тешкотии) на сензитивноста кон атрибуциските критериуми кај децата помлади од шест години. Такви истражувања се неопходни, бидејќи како што открил Финчам во 1980 година (според, Fincham i Jaspars, 1980), испитувајќи деца на возраст од шест и осум години, кои растеле во услови на прилично лимитирани и оскудни можности за учење, единствени критериуми што биле користени од страна на таквите деца во нивните проценки на вината биле асоцијацијата и каузалноста. Ваквите наоди укажуваат дека сепак постои можност нивоата навистина да се стекнуваат по редоследот што бил имплициран од Хајдер.

*Кумулативната природа на моделот.* Како што е веќе споменато, кумулативноста на нивоата е втората позначајна импликација што произлегува од нивната концептуализација. Имено, според начинот на кој Хајдер ги концептуализирал нивоата на одговорноста се чини дека повисоките нивоа можат во себе да ги вклучуваат пониските (на пример, перцепираната намера имплицира предвидливост, каузалност, итн.), така што моделот може да се претстави како Гутманова скала, а припишувањето на одговорноста како поединечна кумулативна димензија.

Прашањето за кумулативноста на нивоата не е посебно елаборирано од Хајдер, туку од Фишбеин и Ајзен (Fizhbein и Ajzen, 1973), кои тоа прашање го поставиле откако извршиле анализа на постапката применета во истражувањата на развојните аспекти на моделот. Да се потсетиме, основната постапка користена во проучувањата на развојноста на нивоата се базира врз претпоставката дека припишувањето на одговорноста може да биде функција на два фактори: *нивото на одговарањето* (т.е. нивото на кое се проценува нечија одговорност) и *контекстуално ниво* (т.е. нивото што е имплицирано во самата структура на стимулус-настанот), така што доколку нивото на едниот фактор се држи под контрола, припишувањето на одговорноста ќе биде детерминирано од нивото на другиот фактор. Поаѓајќи од ваквата двојна условеност на судовите за одговорноста, Фишбеин и Ајзен сугерираат дека доколку се изврши промена на редоследот на *контекстуалните* нивоа: *намера* и *оправданост*, со

комбинација на бихевиоралните и контекстуалните нивоа може да се формира двонасочна класификациона шема која би претставувала совршена Гутманова скала.

Импликацијата за кумулативноста на нивоата не била предмет на проверка во ниедно од споменатите истражувања на развојните аспекти на моделот, освен во истражувањето на Финчам и Џаспарс. Овие истражувачи, следејќи ја сугестијата на Фишбеин и Ајзен, добиените проценки за одговорноста на актерот ги подложиле и на скалограмска анализа, при што анализата не се базирала на интензитетот на припишаната одговорност туку на сите поединечни проценки на одговорноста. Вака применетата скалограмска анализа открила дека нивоата навистина формирале Гутманова скала (коефициентот на репродуктивноста изнесувал 0,92, а коефициентот на скалабилноста 0,73). Овој наод, иако засега единечен, изгледа прилично сугестивен во поглед на можноста припишувањето на одговорноста според Хајдеровиот модел да се третира како кумулативна димензија.

*Заклучно разгледување.* Во гореспоменатите студии, покрај возраста, а исто така и во останатите студии во кои Хајдеровиот модел на припишувањето на одговорноста бил предмет на систематска емпириска опсервација, се испитувани и други варијабли, како на пример, полот, етничката припадност на испитаниците, сериозноста и валенцијата на последиците на настаните, самоодбранбените мотиви за избегнување штета и вина, емпатијата и сл. Тоа што е карактеристично за овие студии е што иако моделот на Хајдер претставувал појдовна точка во проучувањето на процесот на припишувањето на одговорноста, во повеќето од нив самиот модел не бил предмет на проверка, туку тој бил користен пред сè како концептуално средство за разјаснување на други прашања: развојноста на нивоата на одговорноста (на пр. Shaw i Sulzer, 1964), врската меѓу припишувањето на одговорноста и казнувањето (на пр. Shaw i Reitan, 1969), атрибуциите кон себеси и другите (на пр. Fincham i Jaspars, 1979), појавата на мотивациската пристрасност во припишувањето на одговорноста (на пр. Поповски, 1993), улогата на емпатијата во припишувањето на одговорноста (на пр. Sulzer i Burglass, 1968; Aderman, Archer i Harris, 1975), и сл. Но, без оглед на фактот што повеќето од тие истражувања, освен оние кои се занимаваат со развојните аспекти на моделот, обезбедуват пред сè изолирани податоци за неговата валидност и општост, во ниедно од нив не се доведени под сомнение релевантноста и применливоста на атрибуциските критериуми. Значи, и покрај тоа што засега не постојат систематски и сопфатни обиди за емпириска проверка на валидноста на моделот, судејќи според досегашните наоди може да се заклучи дека постои голема веројатност атрибуциските критериуми идентификувани

од Хајдер да претставуваат значајни одредници на судовите за видот и степенот на одговорноста за исходите на постапките на другите.[2]

Меѓутоа, емпириската потврда на релевантноста на Хајдеровите критеируми при припишувањето на одговорноста не значи дека тие доаѓаат до израз во тие случаи и дека претставуваат единствените одредници на атрибуциите на одговорноста. Процесот на припишувањето на одговорноста по сè изгледа е посложен отколку што тоа може да се заклучи врз основа на Хајдеровите поставки. Имено, иако перцепцијата на каузалноста во повеќето случаи се појавува како клучен предуслов за припишување на одговорноста, тоа не значи дека врската меѓу каузалноста и одговорноста е едноставна и непосредна и дека таа мора секогаш да биде нужна. Постојат повеќе случаи кога каузалноста на извесен начин се запоставува и за одговорноста се суди врз основа на моралните норми кои се експлицитно или имплицитно врзани за одредени положби и улоги. Припишувањето на одговорноста не само што не мора секогаш да се засновува на перцепцијата на каузалноста, туку и во случаите кога каузалноста се појавува како неопходен услов, тоа во суштина не може да се сведе на каузалните атрибуции. Врската меѓу припишувањето на каузалноста и припишувањето на одговорноста не е непосредна, т.е. таа е обично посредувана од повеќе фактори, кои поединечно или заедно можат значајно да влијаат на заклучувањето за одговорноста. Покрај тоа, некои автори (Hamilton, 1980; Fincham i Jaspars, 1980) дури и сметаат дека припишувањето на одговорноста не само што е посложен и позамрсен процес, туку и дека тоа во извесен степен се базира на поинакви принципи на заклучување од оние што доаѓаат до израз при припишувањето на каузалноста. Ако се има предвид дека некои од овие согледувања се и емпириски засновани, тогаш, не намалувајќи ја значајноста на Хајдеровиот модел како концептуално средство во проучувањето на атрибуциите на одговорноста, се чини дека се нопходни посистематски и посеопфатни обиди за да се разјасни целата сложеност и варијабилност на процесот на припишувањето на одговорноста.

2 Некои автори (Hamilton, 1978; Fincham i Jaspars, 1980; Fiske i Taylor, 1984), рагледувајќи ја релевентноста на атрибуциските критериуми на Хајдер ги истакнуваат и сличностите кои постојат меѓу нив и правните критериуми за утврдување на вината. Имено, тие меѓу другото, укажуваат дека дефинициите на различни видови вина во кривичното право, на глобално ниво, опфаќаат слични дестинкции како оние содржани во Хајдеровиот модел. Постоењето вакви паралели меѓу здраворазумското расудување на одговорноста и кривично-правните категории може да се земе и како сугестивен пример за тоа дека атрибуциите не се создаваат само затоа што помагаат при личното разјаснување, туку и затоа што одразуваат дистинкции кои општеството ги открило со посредство на искуството како значајни за колективно интерпретирање и дејствување.

ЛИТЕРАТУРА

Aderman, D., Archer, R.L. and Harris, J. L. (1975), Effect of emotional empathy on attribution of responsibility. Journal of Personality, 156-167.

Fincham, F.D. and Jaspars, J. M. (1979). Attribution of responsibilty to self and other in children and adults. Journal of Personality and Social Psychology, 37, 1589-1602.

Fincham, F.D. and Jaspars, J. M. (1980), Attribution of responsibility: From man the scientist to man as lawyer. Vo: L. Berkowitz (Ed.): Advances in Experimental Social Psychology (Vol. 13). New York, Academic Press.

Fishbein, M. and Ajzen, I. (1973). Attribution of responsibility: A theoretical note. Journal of Experimental Social Psychology, 9, 148-153.

Fiske, S.T. and Taylor, S.E. (1984). Social Cognition. Reading, Mass,: Addison-Wesley.

Hamilton, V.L. (1978). Who is responsible? Toward a social psychology of responsibility attribution. Social Psychology, 41, 316-328.

Hamilton, V.L. (1980). Intuitive psychologist or intuitive lawyer? Alternative models of the attribution process. Journal of Personality and Social Psychology, 39, 767 - 772,

Harris, B. (1977). Developmental differences in the attribution of responsibility. Developmental Psychology, 39, 767 - 772,

Heider, F. (1958). The Psychology of Interpersonal Relations. New York, Wiley.

Поповски, М. (1993). Мотивациската пристрасност во припишувањето на одговорноста за несреќни настани. Магистерски труд, Филозофски факултет, Скопје.

Shaw, M.E. and Iwawaki, S. (1972), Attribution of responsibility by Japanese and Americans as a function of age. Journal of Cross-cultural psychology, 3, 71-81.

Shaw, M.E. and Reitan, H.T. (1969). Attribution of repsonsibility as a basis for sanctioning behavior. British Journal of Social and Clinical Psychology, 8, 217- 226.

Shaw, M.E. and Schneider, F.W. (1969). Negro-white differences in attribution of responsibility as a function age. Psychonomic Science, 16, 289 - 291.

Shaw, M.E. and Sulzer, J.L. (1964). An empirical test of Heider's levels in attrribution of responsibility. Journal of Abnormal and Social Psychology, 69, 39 - 46.

Sulzer, J.L. and Burglass, K.B. (1968). Responsibility attribution, empathy and punitiveness, Journal of Personality, 36, 272 - 282.

Mihailo POPOVSKI

## HEIDER'S MODEL OF RESPONSIBILITY ATTRIBUTION AND ITS EMPIRICAL TEST

(Summary)

This article presents Heider's model of responsibility attribution and the appropriate empirical evidence needed to assess its validity and universality.

It begins by discussing Heider's starting point in establishing the basic determinants of attributions of responsibility and the levels of attributing responsibility of others for the consequences of their actions; an analysis follows of the empirical study of the implications of the developmental and comulative nature of the levels; the final notes give information about the validity and universality of the model.

On the basis of previous empirical analyses of the model, and of the available theoretical studies of the nature of the attributions of responsibility, we conclude that despite the unquestionable empirical confirmation of Heider's attributional criteria as significant determinants of responsibility judgement, the model is still too narrow as a general framework to clarify the complexity and variability of the process of responsibility attribution.